Архивски број: 08-410/4
Датум: 18-07-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 410 од 21.06.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] и [redacted] за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во обласа на социјални медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.07.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За отфрлање на претставката заради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација со бр. 08 – 410 од 21.06.2023 година, [redacted] против [redacted] и [redacted] за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на социјални медиуми **заради неуредност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 21.06.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на социјалните медиуми од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права против против [redacted]

Претставката не ги содржеше задолжителните елементи од **член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:** *„Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот,* ***податоци за лицето против кого се поднесува претставката****, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот"*. Во содржината од претставката не беа наведени податоци – адресите на потенцијалните дискриминатори и од таа причина Комисијата, согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 23.06.2023 година го задолжи подносителот истата да ја доуреди.

Претставката не беше доуредена во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
18.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаиљ Камбери

Доставено до:
- [redacted]